Click Here & Upgrade
Expanded Features
Unlimited Pages
PDF Complete

## ВРХОВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# И З В Е Ш Т А Ј
# ЗА РАБОТАТА НА ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
# ЗА 2013 ГОДИНА



Click Here & Upgrade
Expanded Features
Unlimited Pages
PDF Complete Documents

# С О Д Р Ж И Н А

**Вовед ....................................................................................................................3**
**1. Предметно одлучување, обем и одлучување на ниво на суд за предмети опфатени во ориентациона норма и предмети кои не се опфатени со ориентациона норма..........................................................................................4**
**2. Предметно одлучување, обем и одлучување по оддели за предмети опфатени во ориентациона норма...............................................................4**
2.1 *Оддел за казниви дела*..........................................................................4
2.1.1 Структура на решени предмети...................................................5
2.1.2 Начин на одлучување....................................................................9
2.1.3 Траење на постапката............................................. ................10
2.2 *Оддел за граѓански дела* ....................................................................11
2.2.1 Структура на решени предмети..................................................12
2.2.2 Начин на одлучување...................................................................12
2.2.3 Траење на постапката..................................................................13
2.3 *Оддел за судење во разумен рок*.......................................................14
2.3.1 Оддел за судење во разумен рок – прв степен..........................15
2.3.1.1 Начин на одлучување на првостепените совети.................15
2.3.1.2 Времетраење на постапката на првостепените совети.......15
2.3.2 Оддел за судење во разумен рок – втор степен.........................16
2.3.2.1 Начин на одлучување на второстепените совети...............17
2.3.2.2 Времетраење на постапката на второстепените совети.....17
*2.4 Специјализиран совет, Предмети по жалба по барања за заштита на основните права и слободи загарантирани со Уставот – УСПИЖ*.... .......18
2.4.1.Траење на постапката..................................................................18
2.4.2 Начин на одлучување...................................................................18
**3. Работа на Општата седница на Врховниот суд на Република Македонија (член 37 од Законот за судовите)..........................................................................19**
**4. Предмети од судска управа кои не се опфатени со ориентациона норма (Претставки, поплаки и други обраќања до Претседателот на Врховниот суд на Република Македонија).........................................................................20**
**5. Усогласување на судска пракса (работа на судот по член 37 од Законот за судови и член 38 од Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Македонија ..................................................................................................21**
*5.1 Општа седница (член 37 од Законот за судови)*....................................21
*5.2. Работа по оддели во врска со усогласување на судска пракса*............21
**6. Човечки ресурси...........................................................................................25**
**7. Комуникација со пониските судови во врска со спорни прашања.............27**
**8. Односи со јавност.........................................................................................28**
**9. Информатичка технологија...........................................................................30**
**10. Опременост и одржување на зграда на судот.............................................33**
**11. Извештај за извршување на буџетот на судот и финансиска анализа.......34**
**12. Посети и меѓународна соработка...............................................................36**
**13. Заклучни констатации..................................................................................38**

Click Here & Upgrade
Expanded Features
Unlimited Pages
PDF Complete

## ВОВЕД

Врховниот суд на Република Македонија претставува уставна категорија и неговата положба во однос на другите судови во судската власт е пропишана во член 101 од Уставот на Република Македонија, каде е предвидено дека Врховниот суд на Република Македонија е највисок суд во Републиката кој обезбедува единствена примена на законите од страна на судовите.

Стварната надлежност на Врховниот суд на Република Македонија, е регулирана во член 35 од Законот за измени и дополнувања на Законот за судовите, каде е предвидено дека Врховниот суд на Република Македонија како највисок суд во Републиката одлучува во трет и последен степен по жалбите против одлуките на апелационите судови, по вонредни правни лекови против правосилните одлуки на судовите и одлуките на своите совети кога тоа е определено со закон, за судир на надлежност и определување на месна надлежност, одлучува по барање за повреда на правото на судење во разумен рок, во прв и втор степен, во постапка утврдена со закон пред судовите во Република Македонија, во согласност со правилата и принципите утврдени со Европската конвенција за човекови права и основни слободи и тргнувајќи од судската пракса на Европскиот суд за човекови права, како и други работи определени со закон.

Врховниот суд на Република Македонија, својата уставна надлежност за обезбедување на единствена примена на законите од страна на судовите во Република Македонија, првенствено ја остварува преку работата на Општата седница на Врховниот суд, чија надлежност е дефинирана во член 37 од Законот за судовите, во кој е предвидено дека утврдува начелни ставови и начелни правни мислења по прашања од значење за обезбедување на единство во примената на законите од страна на судовите, дава мислења по предлози на закони и други прописи кога со нив се уредуваат прашања од значење на работата на судовите, разгледува прашања во врска со работата на судовите, примена на законите и судската практика, именува состав на совет за одлучување по жалби против решенија на Судскиот совет за разрешување на судија или изречена дисциплинска мерка, го разгледува извештајот за својата работа и извештаите за работата на судовите во Република Македонија од аспект на ажурноста и квалитетот на работата, донесува заклучоци по нив и се грижи за нивно спроведување и други работи предвидени со закон. Општата седница согласно член 39 од Законот за судовите одлучува по приговор на Годишниот распоред за работа донесен од претседател на суд. Врховниот суд на Република Македонија, ја воедначува судската пракса и преку изготвување на сентенци усвоени на седниците на судските оддели, кои се објавуваат на web страната на Врховниот суд.

Click Here & Upgrade
Expanded Features
Unlimited Pages
PDF Complete

## 1. ПРЕДМЕТНО ОДЛУЧУВАЊЕ
## ОБЕМ И ОДЛУЧУВАЊЕ НА НИВО НА СУД ЗА ПРЕДМЕТИ ОПФАТЕНИ ВО ОРИЕНТАЦИОНА НОРМА И ПРЕДМЕТИ КОИ НЕ СЕ ОПФАТЕНИ СО ОРИЕНТАЦИОНА НОРМА

Обемот и интензитетот на работата на Врховниот суд на Република Македонија е изразен преку податоците за постапување по конкретни предмети во текот на целата година во Одделот за казниви дела, Одделот за граѓански дела, Одделот за судење во разумен рок и податоци за работата на специјализираниот совет во управна област дадени подолу во текстот од Годишниот извештај на Судот, како и предмети кои не се опфатени со ориентационата норма.

Врховниот суд на Република Македонија во **2013** година постапувал по вкупно **5.996** предмети од сите видови согласно надлежноста на Судот. Збирот на вкупно предмети во работа е намален за 13 погрешно заведени предмети. Од претходната година останале нерешени вкупно **2231** предмети. Во текот на годината новопримени се **3.778** предмети, решени се **4265** предмети, а останале нерешени **1731** предмет по сите основи.

Во текот на годината, **совладан е приливот** на новопримени предмети за вкупно **500** предмети.

## 2. ПРЕДМЕТНО ОДЛУЧУВАЊЕ, ОБЕМ И ОДЛУЧУВАЊЕ ПО ОДДЕЛИ ЗА ПРЕДМЕТИ ОПФАТЕНИ СО ОРИЕНТАЦИОНА НОРМА

### 2.1.ОДДЕЛ ЗА КАЗНИВИ ДЕЛА

**Одделот за казниви дела** во **2013** година, вкупно во работа имал **861** предмет по сите основи. Од нив **747** се новопримени во текот на годината, а од претходната година останале нерешени вкупно **114** предмети.

Советите во Одделот за казниви дела во извештајната година решиле **740** предмети, а на крајот на годината останале **121** предмет по сите основи.
(Прилог Табела 1)



Click Here & Upgrade
Expanded Features
Unlimited Pages
PDF Complete




### 2.1.1.Структура на решените предмети

Структурата на решените предмети по видот на кривичните дела по поднесените **барања за вонредно преиспитување на правосилна пресуда –КВП, КВП.КОК1 И КВП.КОК2**, Вкупно 351 предмет, е следна:

**ГЛАВА XIV ОД КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК**
**КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ ЖИВОТОТ И ТЕЛОТО**

- 52 предмети за кривично дело – Убиство - **член 123**;
- 1 предмет за кривично дело – Убиство на миг – **член 125**;
- 1 предмет за кривично дело – Убиство од небрежност – **член 126**;
- 6 предмети за кривично дело – Телесна повреда – **член 130**;
- 30 предмети за кривично дело – Тешка телесна повреда – **член 131**;
- 3 предмети за кривично дело – Учество во тепачка – **член 132**;

**ГЛАВА XV ОД КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК**
**КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ СЛОБОДАТА И ПРАВАТА НА ЧОВЕКОТ И ГРАЃАНИНОТ**

- 1 предмет за кривично дело – Противправно лишување од слобода – **член 140**;
- 4 предмети за кривично дело – Грабнување – **член 141**;
- 2 предмети за кривично дело – Загрозување на сигурноста – **член 144**;
- 1 предмет за кривично дело – Повреда на авторско право и сродни права – **член 157**;

**ГЛАВА XVI ОД КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК**
**КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ ИЗБОРИТЕ И ГЛАСАЊЕТО**

- 3 предмети за кривично дело – Спречување на избори и гласање – **член 158**;

**ГЛАВА XVII ОД КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК**
**КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ РАБОТНИТЕ ОДНОСИ**

- 1 предмет за кривично дело – Повреда на правата од работен однос – **член 166**;

**ГЛАВА XVIII ОД КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК**
**КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ ЧЕСТА И УГЛЕДОТ**

- 1 предмет за кривично дело – Клевета – **член 172**;
- 1 предмет за кривично дело – Навреда – **член 173**;

Click Here & Upgrade
Expanded Features
Unlimited Pages
PDF Complete Documents

**ГЛАВА XIX ОД КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК**
**КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ ПОЛОВАТА СЛОБОДА И ПОЛОВИОТ МОРАЛ**

- 11 предмети за кривично дело – Силување – **член 186**;
- 4 предмети за кривично дело – Обљуба врз немоќно лице – **член 187**;
- 17 предмети за кривично дело – Полов напад врз малолетник кој не наполнил 14 години – **член 188**;
- 1 предмет за кривично дело – Обљуба со злоупотреба на положбата – **член 189**;
- 2 предмети за кривично дело – Посредување во вршење проституција – **член 191**;
- 4 предмети - Подведување и овозможување полови дејствија – **член 192**;
- 1 предмет за кривично дело – Родоскврнавење – **член 194**;

**ГЛАВА XX ОД КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК**
**КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ БРАКОТ, СЕМЕЈСТВОТО И МЛАДИНАТА**

- 2 предмети за кривично дело – Одземање малолетник – член 198;
- 2 предмети за кривично дело – Запуштање и малтретирање на малолетно лице – **член 201**;
- 5 предмети за кривично дело – Неплаќање издршка – **член 202**;
- 1 предмет за кривично дело – Повреда на семејни обврски – **член 203**;

**ГЛАВА XXI ОД КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК**
**КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ ЗДРАВЈЕТО НА ЛУЃЕТО**

- 92 предмети за кривично дело - Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психоптропни супстанции и прекурсори – **член 215**;
- 6 предмети за кривично дело – Овозможување на употреба наркотични дроги – **член 216**;

**ГЛАВА XXII ОД КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК**
**КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА**

- 2 предмети за кривично дело – Незаконита експлоатација на минерални суровини – **член 225-а**;
- 2 предмети за кривично дело – Незаконит риболов – **член 229**;

**ГЛАВА XXIII ОД КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК**
**КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ ИМОТОТ**

- 12 предмети за кривично дело – Кражба – **член 235**;
- 74 предмети за кривично дело – Тешка кражба – **член 236**;
- 55 предмети за кривично дело – Разбојништво – **член 237**;
- 2 предмети за кривично дело – Разбојничка кражба – **член 238**;
- 2 предмети за кривично дело – Затајување – **член 239**;
- 1 предмет за кривично дело – Бесправно градење – **член 244-а**;
- 1 предмет за кривично дело – Оштетување станбени и деловни згради и простории – **член 245**;
- 31 предмети за кривично дело – Измама – **член 247**;
- 1 предмет за кривично дело – Измамување на купувачи – **член 248**;
- 2 предмети за кривично дело – Оштетување и неовластено

Click Here & Upgrade
Expanded Features
Unlimited Pages
PDF Complete Documents

навлегување во компјутерски систем – **член 251**;

- 1 предмет за кривично дело - Оштетување или повластување на доверители – **член 257**;
- 7 предмети за кривично дело – Изнуда – **член 258**;
- 1 предмет за кривично дело – Лихварство – **член 260**;

**ГЛАВА XXIV ОД КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК**
**КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО И ПРИРОДНИТЕ РЕТКОСТИ**

- 1 предмет за кривично дело – Присвојување на добра под привремена заштита или културно наследство или природна реткост – **член 265**;

**ГЛАВА XXV ОД КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК**
**КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ ЈАВНИТЕ ФИНАНСИИ, ПЛАТНИОТ ПРОМЕТ И СТОПАНСТВОТО**

- 3 предмети за кривично дело - Фалсификување пари – **член 268**;
- 1 предмет за кривично дело – Правење, набавување или отуѓување средства за фалсификување – **член 271**;
- 1 предмет за кривично дело – Перење пари и други приноси од казниво дело – **член 273**;
- 1 предмет за кривично дело – Недозволена трговија – **член 277**;
- 1 предмет за кривично дело – Криумчарење – **член 278**;
- 1 предмет за кривично дело – Царинска измама – **член 278-а**;
- 6 предмети за кривично дело – Даночно затајување – **член 279**;
- 3 предмети за кривично дело – Неовластена употреба на туѓа фирма – **член 285**;
- 1 предмет за кривично дело – Неовластена употреба на туѓ пронајдок или софтвер – член 286;

**ГЛАВА XXVI ОД КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК**
**КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ ОПШТАТА СИГУРНОСТ НА ЛУЃЕТО И ИМОТОТ**

- 4 предмети за кривично дело – Предизвикување општа опасност – **член 288**;
- 4 предмети за кривично дело – Тешки дела против општата сигурност – **член 292**;

**ГЛАВА XXVII ОД КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК**
**КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ БЕЗБЕДНОСТА НА ЈАВНИОТ СООБРАЌАЈ**

- 4 предмети за кривично дело – Загрозување на безбедноста на сообраќајот – **член 297**;
- 45 предмети за кривично дело – Тешки дела против безбедноста на луѓето и имотот во сообраќајот – **член 300**;

**ГЛАВА XXVIII ОД КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК**
**КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ ДРЖАВАТА**

- 1 предмет за кривично дело – Казнување за подготвување – **член 326**;

Click Here & Upgrade
Expanded Features
Unlimited Pages
PDF Complete

**ГЛАВА XXX ОД КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК**
**КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ СЛУЖБЕНАТА ДОЛЖНОСТ**

- 31 предмети за кривично дело – Злоупотреба на службена положба и овластување - **член 353**;
- 2 предмети за кривично дело – Проневера во службата – **член 354**;
- 2 предмети за кривично дело – Измама во службата – **член 355**;
- 6 предмети за кривично дело – Примање поткуп – **член 357**;
- 1 предмет за кривично дело – Давање поткуп – **член 358**;
- 1 предмет за кривично дело – Противзаконито посредување – **член 359**;

**ГЛАВА XXXI ОД КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК**
**КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ ПРАВОСУДСТВОТО**

- 1 предмет за кривично дело – Помагање на сторител по извршено кривично дело – **член 365**;
- 2 предмети за кривично дело – Поднесување лажни докази – **член 366-а**;
- 1 предмет за кривично дело – Незаконито влијание врз сведоци – член **368-а**;
- 1 предмет за кривично дело – Неизвршување на судска одлука – **член 377**;

**ГЛАВА XXXII ОД КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК**
**КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ ПРАВНИОТ СООБРАЌАЈ**

- 9 предмети за кривично дело – Фалсификување исправа – **член 378**;
- 1 предмет за кривично дело – Посебни случаи на фалсификување исправи – **член 379**;
- 1 предмет за кривично дело – Употреба на исправа со невистината содржина – **член 380**;

**ГЛАВА XXXIII ОД КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК**
**КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ ЈАВНИОТ РЕД**

- 2 предмети за кривично дело – Спречување службено лице во вршење службено дејствие – **член 382**;
- 8 предмети за кривично дело – Напад врз службено лице при вршење работи на безбедноста – **член 383**;
- 17 предмети за кривично дело – Насилство – **член 386**;
- 7 предмети за кривично дело – Злосторничко здружување – **член 394**;
- 2 предмети за кривично дело – Тероризам – **член 394-б**;
- 40 предмети за кривично дело – Недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи – **член 396**;

**ГЛАВА XXXIV ОД КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК**
**КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ ЧОВЕЧНОСТА И МЕЃУНАРОДНОТО ПРАВО**

- 3 предмети за кривично дело – Организирање на група и поттикнување на извршување геноцид и воени злосторства – **член 416-а**;
- 7 предмети за кривично дело – Организирање на група и

Click Here & Upgrade
Expanded Features
Unlimited Pages
PDF Complete

поттикнување на извршување на делата трговија со луѓе, трговија со малолетно лице и криумчарење на мигранти – **член 418-в**;

- 3 предмети за кривично дело–Трговија со малолетно лице– **член 418-г**;
- 1 предмет за кривично дело – Земање заложници – **член 421**;

Од вкупно решени 351 предмети за вонредно преиспитување на правосилна пресуда по бројот на предмети и осудени лица, состојбата е следна:

- 17 предмети – **Прекршок од ЗБСП** ;
- 1 предмет – **Прекршок од Закон за јавен ред и мир**;
- 9 предмети – **Прекршок од Закон за шуми;**
- 1 предмет – **Прекршок од Закон за трговија**;
- 1 предмет – **Прекршок од Закон за заштита на потрошувачите**;
- 2 предмети – **Прекршок од Закон за акцизи**;
- 2 предмети – **Прекршок од Закон за пушењето**;
- 2 предмети – **Прекршок од Законот за безбедност на сообраќајот**;
- 1 предмет – **Прекршок од Законот за енергетика**;
- 1 предмет – **Прекршок од Законот за инспекција на трудот**.

Од вкупно решени 351 предмети за вонредно преиспитување на правосилна пресуда по бројот на предмети и осудени лица, состојбата е следна:

- **284** предмети со **1 осудено лице;**
- **42** предмети со **2 осудени лица;**
- **16** предмети со **3 осудени лица;**
- **6** предмети со **4 осудени лица;**
- **1** предмети со **5 осудени лица;**
- **-** предмети со **6 осудени лица;**
- **2** предмети со **7 осудени лица;**

### 2.1.2.Начин на одлучување

**Состојбата на предметите по барањата за заштита на законитоста - КЗЗ** поднесени од страна на Јавното обвинителство на Република Македонија е следна: Вкупно во работа биле **51** предмет. Од вкупно решените **38** барања, **14** се одбиени како неосновани. Од уважените**:** во **4** предмети е укината само второстепена пресуда, во **11** предмети е укината првостепена и второстепената пресуда, во **6** предмети е констатирана повреда на КЗ, во **1** предмет е донесена ослободителна пресуда, а во **2** предмети е преиначена одлуката.

По апелациони подрачја **19** предмети биле од Апелациониот суд Скопје, **6** предмети биле од Апелациониот суд Битола, **6** предмети биле од Апелациониот суд Штип и **7** предмети биле од Апелациониот суд Гостивар.

Со едно осудено лице имало **22** предмети, со 2 лица **12** предмети, со 3 лица **2** предмети, со 4 лица **1** предмет и со 6 лица **1** предмет, а вкупно осудени лица се **38.**

Се констатира дека по барањата за заштита на законитоста во текот на извештајната година се решени **74,5%** од предметите, а останале само **13** нерешени предмети.

Click Here & Upgrade
Expanded Features
Unlimited Pages
PDF Complete

**Состојбата на предметите во постапка на трет степен - ВКЖ** по жалби на пресуди на Апелационите судови е следна:

Од 2012 година останале нерешени **3** предмети, новопримени во 2013 година се **30** предмети и сите предмети се решени. Во **3** предмети жалбата е отфрлена, во **24** предмети жалбата е одбиена како неоснована, во **1** предмет е укината првостепена и второстепена пресуда, во **5** предмети е преиначена одлуката и сите предмети се решени.

**Состојбата по предметите за вонредно ублажување на казната - ВУК** е следна:

Од 2012 година останале нерешени **19** предмети, новопримени во 2013 година се **262** предмети, вкупно во работа биле **281** предмети од кои решени се **266** предмети, а останале нерешени **15** предмети. По видот на одлуката: **235** предмети се одбиени, **27** уважени, **1** решен на друг начин и **3** предмети отфрлени. Се констатира дека во текот на извештајната година решени се повеќе од **94,66%** од предметите заведени под ВУК.

Состојбата по предметите заведени под **КР** е следна:

Од 2012 година останале нерешени **9** предмети, новопримени во 2013 година се **45** предмети, вкупно во работа биле **54** предмети, од кои решени се **52** предмети, а останале нерешени **2** предмети. По видот на одлуката : **7** предмети се одбиени, **31** предмет се уважени, **11** предмети се решени на друг начин, **3** предмети се отфрлени, а останале нерешени **2** предмети.

Се констатира дека во предметите заведени под **КР**, во текот на извештајната година се решени **96,2%** од предметите.

### 2.1.3.Траење на постапката

Во однос на времетраењето на постапката по предметите пред Врховниот суд на Република Македонија од приемот на предметите во Одделот за казниви дела до нивно решавање и експедиција, може да се констатира дека во 2013 година ажурно се постапувало по сите видови предмети.

Од вкупно решените **740** предмети, кај:

- за **547** предмети постапката е завршена за период **до 3 месеци**,
- за **146** предмети постапката е завршена за период **од 3 до 6 месеци**,
- за **41** предмет постапката е завршена за периодод **6 до 12 месеци**, а
- за **6** предмети постапката е завршена за период подолг **од 1 година.**

Кај предметите во кои судот постапувал во трет степен **ВКЖ**, постапката траела подолго во фаза на проучување на предметот, а било потребно и време за закажување и одржување на јавни седници на советот.

Со сигурност може да се каже дека кај сите предмети, кај кои постапката траела повеќе од 6 месеци, исклучива причина е што овие предмети најчесто се вратени административно до судовите за комплетирање на списите и повторно вратени во Врховниот суд на Република Македонија, а со тоа и постапката се одолговлекувала.

Click Here & Upgrade
Expanded Features
Unlimited Pages
PDF Complete

### 2.2 ОДДЕЛ ЗА ГРАЃАНСКИ ДЕЛА

Во 2013 година, Одделот за граѓански дела имал вкупно во работа **3.449** предмети од кои **1867** предмети нерешени од претходната година и **1594** новопримени предмети. Во текот на годината, решени се **1978** предмети, а останале нерешени **1471** предмет.

Во **2013** година, зголемен **е приливот на новопримени предмети** во однос на **2012** година, за **260** предмети.

Во извештајната година **зголемен е бројот на решени предмети** во однос на **2012** година, за **491** предмет.

**Бројот на нерешени предмети** изнесува **1471** предмет, што е за **394 предмети помалку во однос на 2012 година**.

Во Одделот за граѓански дела во текот на извештајната година **приливот е совладан за 384.**

(Прилог Табела 1)






Click Here & Upgrade
Expanded Features
Unlimited Pages
PDF Complete Documents

### 2.2.1.Структура на решени предмети

Гледано според правните основи во ревизиите по кои се одлучувало во Одделот за граѓански дела во текот на **2013** година, може да се констатира различност. Најмногубројни се предметите по основ на надомест на штета **490** предмети или **26,29%,** потоа по основ поништување и раскинување на договор **423** предмети или **22,70 %,** работни спорови **382** предмети или **20,5 %,** долг **286** предмети или **15,33%**, за сопственост и владение **186** предмети или **9,98%**, за неосновано збогатување **63** или **3,37%**, за развод на брак **20** предмети или **1,07**%, издршка **11** предмети или **0,6%** , за станбени спорови **3** предмети или **0,16%.**

Споредбено со претходната година, бројот на ревизиите по кои се одлучувало по основи, бројот на предмети се движи во рамките на вообичаени бројки.

### 2.2.2.Начин на одлучување

Од вкупниот број граѓански предмети **3.449** кои биле во работа во **2013 година** по ревизија биле **3.334 предмети,** односно **96,7%** од вкупниот број предмети, а од овие решени по ревизија се **1.867** предмети, односно **56%** што е за **18,3%** повеќе од 2012 година кога биле решени **37,70%**.

Од решените **1.867 предмети,** содржината на одлуките по ревизии изгледа вака: одбиени се **1098** односно **58,81%**, преправени **118** односно **6,32%**, укинати **186** односно **9,96%**, отфрлени **458** односно **24,53%** и на друг начин решени се **7** односно **0,37 %.**

Според бројот на **одбиените ревизии**, споредбено со претходните години, резултатите изгледаат вака: во 2003 година е **45,16%**, во 2004 година **38,6%**, во 2005 година **40,33%**, во 2006 година **60%**, во 2007 година **54,5%,** во 2008 година **49,2%**, во 2009 година **47,7%,** во 2010 година **59%,** а во 2011 година **53,8%,** во 2012 година година **50,84%** и во 2013 година **58,81%**. Од овие бројки се гледа дека процентот на одбиените ревизии во 2013 година, како неосновани споредбено со претходната година е зголемен.

Состојбата кај **апелационите судови** по однос **на одбиените ревизии** во 2013 година изгледа вака:

- **Апелациониот суд Скопје** од вкупно **1007** решени ревизии, **606** ревизии биле одбиени како неосновани или **60,17 %**;
- **Апелациониот суд Битола** од вкупно **504** предмети, **291** ревизии биле одбиени како неосновани или **57,73%**;
- **Апелациониот суд Штип** од вкупно **164** предмети, **100** ревизии биле одбиени како неосновани или **60,97 %**,
- **Апелациониот суд Гостивар** од вкупно **189** предмети, **98** ревизии биле одбиени како неосновани или **51,85%**;

**Преиначувањето на побиваните одлуки** настанува кога фактичката состојба е правилно и целосно утврдена, а погрешно е применето материјалното право. Ако се споредат бројките за последните години, состојбата е следна: во 2003 година **49** или **4,4%**, во 2004 година **31** одлука или **4,7%**, во 2005 година **18** или **2,7%**, во 2006 година **88** или **10,26%**, во 2007 година **52** или **5,1%,** во 2008 година **111** или **5,4%**, во 2009 година **118** или **7%,** во 2010 година **100** или **8,7%,** во 2011 година **70** или **6,7%**,

Click Here & Upgrade
Expanded Features
Unlimited Pages
PDF Complete Documents

во 2012 година **114** или **9,21%,** а во 2013 година **118** или **6,32%.** Овие бројки покажуваат дека преиначувањето на судските одлуки во последната година е намалено споредено со претходната извештајна година.

Состојбата на апелационите судови по однос на **преиначени ревизии** во 2013 година изгледа вака:

- **Апелационен суд Скопје** од вкупно **1007** решени ревизии, биле преиначени **82** или **8,14%;**
- **Апелационен суд Битола** од вкупно **504** решени ревизии, биле преиначени **22** или **4,36%;**
- **Апелационен суд Штип** од вкупно **164** решени ревизии, преиначени се **7** ревизии или **4,27 %** и
- **Апелационен суд Гостивар** од вкупно **189** решени ревизии, преиначени се **7** ревизии или **3,70 %**.

Резултатите по однос на **укинатите одлуки** по Апелационите судови се следни:

- **Апелационен суд Скопје** од вкупно **1007** предмети, **103** се укинати или **10,23 %;**
- **Апелационен суд Битола** од вкупно **504** предмети, **49** се укинати или **9,72 %;**
- **Апелационен суд Штип** од вкупно **164** предмети, **21** се укинати или **12,80 %** и
- **Апелационен суд Гостивар** од вкупно **189** предмети, **13 се укинати или 6,88 %.**

**Одделот за граѓански дела** освен по вонредни правни лекови, одлучувал и по други предмети од негова надлежност. Така, предмети за **судир на надлежност, определување на друг стварно надлежен суд, продолжување рок за поднесување на тужба за оспорување на татковство,** биле во работа вкупно **115** предмети и од овие решени се **111** предмети, или **96,52%**, а останале нерешени 4 или **3,48%**, што е за **6,3%** помалку од 2012 година кога останале нерешени **9,8%**. По овие предмети во 2013 година, одлучуваа три совета од по тројца судии.

**2.2.3.Траење на постапката**

Во **2013** година од вкупно решени **1.867** предмети, траењето на постапката

- од 1 до 3 години кај **1.291** предмет,
- од 9 месеци до 1 година кај **316** предмети
- од 6 до 8 месеци кај **119** предмети,
- од 3 до 6 месеци кај **107** предмети,
- од 2 до 3 месеци кај **22** предмети и
- од 1 до 2 месеци кај **9** предмети
- до 1 месец кај **3** предмети.

Click Here & Upgrade
Expanded Features
Unlimited Pages
PDF Complete

## 2.3 ОДДЕЛ ЗА СУДЕЊЕ ВО РАЗУМЕН РОК

Во Одделот за судење во разумен рок, во текот на извештајната **2013** година, вкупно во работа биле **918** предмети во двата степени на одлучување, од кои во текот на годината новопримени се **694** предмети, а од претходната година останале нерешени вкупно **225** предмети.

Во извештајната **2013** година Судот решил **779** предмети при што го совладал приливот за **85** новопримени премети.

На крајот на годината во Одделот останале нерешени **139** предмети, што е за **78** предмети помалку од претходната 2012 година.

(Прилог Табела 1)






Click Here & Upgrade
Expanded Features
Unlimited Pages
PDF Complete
Documents

### 2.3.1 Оддел за судење во разумен рок – прв степен

Во **Одделот за судење во разумен рок советите во прв степен** во извештајната година имале вкупно во работа **653** предмети, од кои **206** предмети останале нерешени од 2012 година, а во **2013** година новопримени се **448** предмети. Од вкупниот број предмети во Одделот, во прв степен решени се **523** предмет, а на крајот на годината останале нерешени **130** предмети.




#### 2.3.1.1 Начин на одлучување на првостепениот совет

Следејќи ја работата на решавање на предметите на првостепениот совет по кои постапувале судиите во Одделот за судење во разумен рок, состојбата е следна:

Од решените **523** предмети, **230** барања за заштита на правото на судење во разумен рок се **усвоени** или **43,97%**, **202** барања се **одбиени** или **38,6%**, **91** барање е **отфрлено** или **17,4%.** што укажува на тоа дека во овој извештаен период преовладува бројот на решени – уважени предмети.

#### 2.3.1.2 Времетраење на постапката на првостепените совети

Кај вкупно решените **523** предмети времетраењето на постапувањето на првостепениот совет по изјавените барања за заштита на правото на судење е како што следува:

- за **46** предмети постапката е завршена до **1 месец**,
- за **102** предмети постапката е завршена за период од **1 до 2 месеци**,
- за **80** предмети постапката е завршена за период од **2 до 3 месеци**,
- за **152** предмети постапката е завршена за период од **3 до 6 месеци,** и
- за **143** предмети постапката е завршена за период подолг од **6 месеци.**

Click Here & Upgrade
Expanded Features
Unlimited Pages
PDF Complete




Најчеста причина која доведува до одолговлекување на постапката пред Врховниот суд на Република Македонија е пред се недостиг на списи на кои се однесува барањето. Меѓутоа, долго трае постапката и кога судот ќе достави барање за произнесување на судиите кои постапувале по предмет на кој се однесува барањето, и тоа во врска со редоследот за превземените процесни дејствија, податоците за почитување на роковите дадени од овој суд за завршување на предметите кои се во тек, во процесната фаза на одлучување на која се однесува барањето, кои се од значење за одржување на ефикасноста на правното средство.

### 2.3.2 Оддел за судење во разумен рок – втор степен

**Во Одделот за судење во разумен рок, второстепениот совет** надлежен да одлучува по жалбите изјавени против решенијата на првостепените совети, во работа во извештајната година имал вкупно **265** предмети, од кои **19** предмети останале нерешени од 2012 година, во **2013** година новопримени се **246** предмети.

Од вкупниот број предмети во Одделот, во втор степен решени се **256** предмети, а на крајот на годината останале нерешени **9** предмети.



Click Here & Upgrade
Expanded Features
Unlimited Pages
PDF Complete

### 2.3.2.1 Начин на одлучување на второстепениот совет

Следејќи ја работата на решавање на предметите на второстепениот совет по кои постапувале судиите во Одделот за судење во разумен рок, состојбата е следна:

Во текот на **2013** година од вкупно второстепено решените **256** предмети, **43** жалби се **уважени** или **16,8%, 205** жалби се **одбиени** или **80%, 8** жалби се **отфрлени** или **3,2%.**

Се истакнува дека од вкупно решените **максималиот износ** кој е досуден за паричен надоместок од повреда на правото на судење во разумен рок **е 120.000,00 денари** по споени барања поднесени од осум подносители, додека **најнискиот досуден износ е 4.000,00 денари**.

Од вкупно **179 предмети** по кои е одлучувано и е донесена правосилна одлука во 2013 година со определен надоместок за утврдена повреда на правото на судење во разумен рок, досуден е вкупен износ од **6.224.750,00 денари**, на име правичен паричен надоместоки, во кој износ влегуваат и трошоци во постапката по повод поднесеното барање за заштита на правото на судење во разумен рок, во периодот кога се досудувани, односно пред да се измени судечкиот став по однос на прашањето на досудување на трошоци во оваа постапка, а кое кореспондира со праксата на ЕСЧП.

Во просек, за утврдена повреда на правото на судење во разумен рок, досудениот правичен паричен надоместок изнесува **34.775,00** денари.

### 2.3.2.2 Времетраење на постапката на второстепениот совет

Од вкупно решените **256** предмети, времетраењето на постапувањето на второстепениот совет надлежен за одлучување по жалбите изјавени против првостепените решенија е како што следува:

- за **123** предмети постапката е завршена за период **до 1 месец**,
- за **97** предмети постапката е завршена за период од **1 до 2 месеци**,
- за **24** предмети постапката е завршена за период од **2 до 3 месеци**,
- за **11** предмети постапката е завршена за период од **3 до 6 месеци**,
- за **1** предмет постапката е завршена за период подолг од **6 месеци**.



Click Here & Upgrade
Expanded Features
Unlimited Pages
PDF Complete Documents

**2.4.СПЕЦИЈАЛИЗИРАН СОВЕТ**

**Предмети по жалба по барања за заштита на основните права и слободи загарантирани со Уставот – УСПИЖ**

Во **2013** година вкупно во работа биле **15** предмети по жалба по барања за заштита на основните права и слободи загарантирани со Уставот од кои новопримени се **14** предмети, а еден предмет останал нерешен од 2012 година. Во текот на 2013 година решени се сите **15** предмети.

**2.4.1 Траење на постапката**

Од вкупно решените **15 УСПИЖ предмети:**

- за **3** предмети постапката е завршена за период **до 1 месец,**
- за **7** предмети постапката е завршена за период од **1 до 2 месеци,**
- за **4** предмети постапката е завршена за период од **2 до 3 месеци,**
- **за 1 предмет** постапката е завршена за период подолг од **3 месеци.**

**2.4.2 Начин на одлучување**

Од вкупно одлучените **15** предмети по жалба по барања за заштита на основните права и слободи загарантирани со Уставот **- УСПИЖ**, **11** жалби биле одбиени, **1** усвоена и **2** предмети се административно вратени, и кај **1** предмет е донесена преиначувачка одлука.

Click Here & Upgrade
Expanded Features
Unlimited Pages
PDF Complete

## 3. РАБОТА НА ОПШТАТА СЕДНИЦА НА ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА (член 37 од Законот за судовите)

Согласно член 37 од Законот за судовите, во исполнување на Уставните и законските надлежности, Претседателот и сите судии на Врховниот суд на Република Македонија учествуваа во работата на Општата седница.

Врховниот суд на Република Македонија во текот на **2013** година има одржано **10 Општи седници** на кои се разгледувани повеќе прашања:

1. Усвоен е Извештајот за работата на Врховниот суд на Република Македонија за 2012 година.
2. На проширена Општа седница се разгледани Извештаите за работата на судовите во Република Македонија за 2012 година.
3. На посебна седница усвоени се оценките и заклучоците на Врховниот суд на Република Македонија по извештаите за работењето на судовите во РМ во 2012 година.
4. Претседателот на судот прибави мислење од Општата седница во врска со Распоредот за работа на судиите на Врховниот суд на РМ за 2013 година.
5. Општата седница расправаше и одлучи по 4 (четири) Барања за заштита на законитоста и сите се отфрлени како недозволени.
6. Општата седница на Врховниот суд на Република Македонија согласно член 84 став 1 од Законот за судовите, даде мислење со забелешки и согласност за донесување со давените забелешки по текстот на Судскиот деловник.
7. Именувани се двајца нови членови во Советот за одлучување по жалба изјавена против решение донесено од Судскиот совет на Република Македонија, формиран со Одлука на Општата седница на Врховниот суд на Република Македонија при Врховниот суд на Република Македонија.
8. Именувани се двајца членови и нивни заменици на членови во новиот состав на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители и тоа еден член и негов заменик од редот на судиите на Врховниот суд на Република Македонија и еден член и негов заменик од редот на судиите на основните судови, апелационите судови, Управниот суд и Вишиот управен суд.
9. Формирана е работна група за изработка на Деловник за работа на Врховниот суд на Република Македонија.
10. Општата седница расправаше и одлучи по 2 (две) барања за заштита на законитоста во управната постапка – УЗЗ. Обете барања се отфлени.

Click Here & Upgrade
Expanded Features
Unlimited Pages
PDF Complete

## 4. ПРЕДМЕТИ ОД СУДСКА УПРАВА КОИ НЕ СЕ ОПФАТЕНИ СО ОРИЕНТАЦИОНА НОРМА (ПРЕТСТАВКИ, ПОПЛАКИ И ДРУГИ ОБРАЌАЊА ДО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА)

Во текот на **2013** година до Претседателот на Врховниот суд на Република Македонија и Судскиот администратор, согласно обврските од судска управа и утврдените со Судскиот деловник, се доставени вкупно **751** поднесоци од кои **729** новопримени, а **22** пренесени од претходната година. Истите се заведени во уписниците: **УПП** - Уписник за претставки и поплаки, **УР 12** - барање за приоритетно решавање на предмети и други поднесоци и **СПИ** - Уписник за барање за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Од вкупно доставените поднесоци, во уписникот **УПП** се заведени **162** барања, во уписникот **УР 12 Разно** се заведени **326** барања за побрзо решавање на предметите и **220** разни други поднесоци, а во уписникот **СПИ** се заведени **23** барања за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Според Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Македонија, Претседателот од вкупно **326** барања за приоритетно решавање на предмети, одобрил **100**, одбил **105**, додека пак за останатите, се добиени податоци дека предметите се земени во работа.

Од вкупно заведените **23** барања за слободен пристап до информации од јавен карактер, позитивно е одговорено по **13** барања, **4** барања се одбиени, донесен е заклучок за запирање на постапката кај **3** предмети, и заклучок за прекин на постапка кај **3** предмети.

Во текот на 2013 година Претседателот на Врховниот суд на Република Македонија донесе вкупно **120** решенија за изземање на судија.

Од вкупно доставените поднесоци до Претседателот на Врховниот суд на Република Македонија, се евидентирани обраќања од Народниот правобранител, од Министерството за правда и од Судскиот совет на Република Македонија.

По истите е постапувано во законски предвидените рокови, согласно Законот за судовите, Законот за постапување по претставките и предлозите, Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, процесните закони, Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Македонија, Судскиот деловник и Законот за управување со движењето на предметите во судовите.

(Прилог: Табела 2)

Click Here & Upgrade
Expanded Features
Unlimited Pages
PDF Complete

## 5. УСОГЛАСУВАЊЕ НА СУДСКА ПРАКСА

### 5.1 Општа седница (член 37 од Законот за судови)

Заради обезбедување на единство во примената `на законите од страна на судовите по сопствена иницијатива или по иницијатива на седниците на судиите или судските оддели од судовите и заради разгледување на прашања во врска со работата на судовите, примената на законите и судската практика, а согласно Уставот и Законот за судови, Врховниот суд на Република Македонија на Општа седница, во состав претседател и сите судии на Судот, на ден 28 мај 2013 година го утврди следното **начелно правно мислења**:

**-„Не е дозволено правното средство барање за заштита на законитоста против правосилни судски одлуки донесени во парнична постапка“.**

На ден 28 мај 2013 година Општата седница го утврди и следното начелно мислење:

**-„Не е дозволена ревизија како вонредно правно средство против одлуките на Вишиот управен суд “.**

Општата седница, на ден 25.10.2013 година расправаше и по следните две правни прашање, кои не го добија потребното мнозинство за утврдување на начелен правен став:

-“дали во случај кога налогот за извршување е донесен врз основа на член 202 од Законот за извршување, претседателот на судот, постапувајќи по барање за определување на минимум средства за вршење на дејност на должник – Општина, има право да ја примени законската одредба од член 211 од Законот за извршување”;

-“дали под орган во смисла на член 42-а од Законот за управни спорови, се сметаат и единиците на органите на локалната самоуправа - општините, во случај кога тие се јавуваат како странка во управната постапка пред Вишиот управен суд, и дали управните акти за кои решаваат градоначалниците на општините поединечно и кои произлегуваат од ингеренциите дадени согласно одредбите на Законот за локална самоуправа се сметаат како акти донесени од орган за кои во постапувањата пред Вишиот управен суд, право на поднесување жалба има само Државното правобранителство согласно Законот за Државното правобранителство или единиците на локалната самоуправа – општините, имаат право сами да се застапуваат и да поднесуваат жалби”.

### 5.2. Работа по оддели во врска со усогласување на судска пракса

Согласно судска пракса на седници на оддели разгледани се конкретни правни прашања во врска со примената на законите, и изградени се **3 (три) заклучоци и 4 (четири) правни мислења.**

**1. Одделот за казниви дела** на седницата одржана на ден 18.6.2013 година,

Click Here & Upgrade
Expanded Features
Unlimited Pages
PDF Complete
Documents

на барање на Претседателот на Основниот суд Велес а со цел обезбедување на единствена примена на законот и воедначување на судската пракса го донесе следното **правно мислење**:

**-„Кога судија е времено оддалечен од вршење на судиската функција, а во законот нема експлицитна одредба што со предметите кои му се доделени во работа, ќе се постапува на следниот начин:**

**- во предметите каде е објавена одлуката, а писмено не е изготвена и потпишана од судијата, со Одлука Претседателот на судот ќе определи судија, кој писмено ќе ја изработи одлуката, во состав на судот – советот кој го пресудил предметот и ќе ја потпише со запирка.**

**- во предметите каде одлука не е објавена, и кај оние предмети каде главниот претрес е завршен, одлуката не е објавена, а е изготвена во АКМИС и не е верификувана, ќе се преотвори нов главен претрес и ќе се донесе и објави одлука од судијата – (советот) на кој тој предмет му е доделен во работа“.**

**2. Одделот за граѓански дела**, на седницата одржана на ден 2.4.2013 година го усвои следниот **заклучок:**

**-„Постојат околности што ја доведуваат во сомневање непристрасноста на судијата во постапувањето во граѓански спор, доколку учествувал во кривичната постапка во која изразил свој став за кривичната одговорност на обвинетиот, за настан-дејство по повод кој се поведени и кривичната и граѓанската постапка“.**

**Одделот за граѓански дела** на Врховниот суд на Република Македонија, расправајќи по прашањето за правото на жалба против решенија донесени од совет на Врховниот суд на Република Македонија во случаите кога правото на жалба не е определено со закон, на седницата одржана на ден 10.06.2013 година, го усвои следниот **заклучок:**

**-„Против решението на Врховниот суд на Република Македонија, со кое овој суд го одбил како неоснован предлогот за повторување на постапката завршена со пресуда на Врховниот суд на Република Македонија, не е дозволена жалба.**

**Доколку против решението е изјавена жалба, истата ќе се отфрли како недозволена од страна на советот кој постапувал по предметот.**

**Против решението на Врховниот суд на Република Македонија, со кое овој суд ја отфрлил како недозволена жалбата изјавена против решението со кое Врховниот суд на Република Македонија го одбил како неоснован предлогот за повторување на постапката завршена со пресуда на Врховниот суд на Република Македонија, не е дозволена жалба.**

**Доколку против решението е изјавена жалба, истата ќе**

Click Here & Upgrade
Expanded Features
Unlimited Pages
PDF Complete Documents

**се отфрли како недозволена од страна на советот кој постапувал по предметот“.**

**Одделот за граѓански дела**, на седницата одржана на ден 24.6.2013 година, на барање за правно мислење заради обезбедување на единствена примена на законот и воедначување на судската пракса од Апелациониот суд Битола го донесе следното **правно мислење**:

**-„Доколку должникот не ги платил придонесите 2 (два) месеци последователно, сметано од 01.01.2009 година или ги платил со задоцнување, настапил условот, Фондот за здравствено осигурување на Република Македонија да бара извршување врз основа на решение со кое е утврдено мирување на обврската по основ на придонеси за задолжително здравствено осигурување како извршна исправа“.**

**Одделот за граѓански дела** на седницата одржана на ден 28.10.2013 година, по повод иницијативата на седницата на судиите од граѓанските оддели на четирите Апелациони судови во Република Македонија го донесе следното **правно мислење**:

**-„Висината на надоместокот на штетата во смисла на член 178 став 2 од Законот за облигационите односи се определува според цените во времето на донесувањето на судската одлука, освен ако нешто друго не е утврдено со закон.**

**При утврдено неовластено користење на електричната енергија, висината на надоместокот што корисникот е должен да го плаќа, се пресметува согласно Мрежните правила за дистрибуција на електричната енергија, кои се донесени врз основа на член 77 од Законот за енергетика, а по претходно добиено одобрение од Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија.**

**Во ваков случај определувањето на висината на надоместокот се смета како случај од член 178 став 2 од Законот за облигационите односи кога со закон е утврдено нешто друго“.**

**Одделот за граѓански дела** на истата седницата, по повод иницијатива на граѓанскиот оддел при Апелациониот суд Штип го усвои и следното **правно мислење:**

**-„Регресното побарување на Друштвото за осигурување од задолжително осигурување во сообраќајот спрема лице кое управувало со моторно возило за кое нема овластување, застарува во рок од 3 години, а застарувањето започнува да тече првиот ден од денот кога Друштвото за осигурување исплатило надомест на штета“.**

**Одделот за граѓански дела** на Врховниот суд на Република Македонија, на седницата одржана на ден 11.12.2012 година го донесе следниот **заклучок:**

**-„Врз основа на договор за заедничка градба,**

Click Here & Upgrade
Expanded Features
Unlimited Pages
PDF Complete

**сопствениците на локацијата за градење и изведувачот – инвеститорот кој гради објект без одобрение за градење врз недвижноста, солидарно им одговараат на третите лица во врска со настанатата штета, со уривање на бесправно изградениот објект од надлежен орган“.**

Донесените начелни правни мислења, правни мислења и заклучоци се објавени на web страната на Судот.

На web страната на Врховниот суд на Република Македонија во текот на 2013 година, објавени се **38 сентенци, од кои 21 сентенца утврдена на Одделот за казниви дела и 17 на Одделот за граѓански дела.**

Click Here & Upgrade
Expanded Features
Unlimited Pages
PDF Complete

## 6. ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

Судискиот состав во Врховниот суд на Република Македонија со одлука на Судскиот совет на Република Македонија е определен на 25 (дваесет и пет) судии со претседателот на Судот, но се истакнува дека на 2 (двајца) судии им мирува судиската функцијата поради избор за член на Судскиот совет на Република Македонија и избор за судија на Уставниот суд на Република Македонија. На почетокот на 2013 година во Судот судиската функција ја вршат 21 судија, вклучително и претседателот на Судот. Поради исполнување на законските услови за пензионирање му престанува мандатот на 1 (еден) судија. Во месец септември избрани се 2 (двајца) нови судии, а на самиот крај од годината, декември 2013 година, извршен е изборот на уште 1 (еден) судија.

Независно од околноста што непополнетоста на судиски места неминовно има свој одраз во функционирањето на Судот, со дополнителни напори на постојниот судиски кадар и судската служба оневозможено е битно влијание на постојната состојба врз резултатите од работата на Судот.

Во текот на извештајната година е изразен висок степен на професионалност од страна на носителите на судиската функција во Судот, со целосно почитување на принципите инкорпорирани во одредбите на Законот за судовите и Кодексот на судиската етика.

За спроведување на Законот за судска служба, посебно во делот на оценувањето, неопходно е пополнување на упразнетите места за раководни судски службеници, а за оптимално функционирање на Судот, во рамките на Актот за систематизација на работни места на Врховниот суд на Република Македонија, исто така неопходно е пополнување на упразнетите работни места најмногу по основ на пензионирање, но и по други основи и тоа: самостоен референт – водител на писарница за граѓански дела– 1 извршител; самостоен референт – водител на писарница за казниви дела– 1 извршител; раководител на Одделение за човечки ресурси– 1 извршител; самостоен судски советник– 1 извршител.

За неопходни во функционирањето на Судот се и следните непополнети места по систематизација: виш судски референт – 1 извршител во писарница за граѓански дела; виш судски референт – 1 извршител во писарница за кривични дела; судски референт доставувач – 1 извршител; виш судски референт дактилограф – 2 извршители.

За состојбите и потребите е информиран и Судско буџетскиот совет.

Во извештајната година стручните судски службеници со исклучително ангажирање, стручна работа во изготвување на нацрт одлуките и следење на судската пракса, дадоа сопствен придонес во остварувањето на законската надлежност на Судот и постигнатите резултати.

Несоодветната пополнетост на работните места за административните судски службеници во писарниците на Судот, во текот на извештајната година, се надмина со Распоред за работа на Судскиот администратор, што резултираше со успешно завршување на работните задачи и спроведување на Судскиот деловник.

Click Here & Upgrade
Expanded Features
Unlimited Pages
PDF Complete

Оценувањето, односно вреднувањето на квалитетот на извршување на работните задачи од страна на судските службеници уредено со Законот за судска служба, се спроведуваше и во текот на извештајната година, но не се реализира во делот кој се однесува на системот на кариера, заради необезбедени финансиски средства.

**Едукација на судиите и судските службеници.** Во текот на 2013 година, судиите на Врховниот суд на Република Македонија редовно се ангажирани во спроведувањето на активностите на Програмскиот совет, Управниот одбор и Комисијата за прием и спроведувањето на завршниот испит при Академијата за судии и јавни обвинители. Судиите на Врховниот суд на Република Македонија, во извештајната година, постојано се ангажирани во Академијата за судии и јавни обвинители, како едукатори и учесници во континуираната едукација на темите дадени во Каталогот за обуки на судиите за 2013 година на Академијата.

Судските службеници беа вклучени во процесот на континуираната едукација која постојано овозможува нивно стручно оспособување за ефикасно извршување како придонес во функционирањето на Судот, но и за развој на нивната професионална кариера. И покрај тоа што обуката на судските службеници не е задолжителна, истата е реализирана на соодветни теми од Каталогот за обуки на судските службеници доставен од Академијата за обука на судии и јавни обвинители.

Click Here & Upgrade
Expanded Features
Unlimited Pages
PDF Complete

## 7. КОМУНИКАЦИЈА СО ПОНИСКИТЕ СУДОВИ ВО ВРСКА СО СПОРНИ ПРАШАЊА

Во услови на ограничени средства за обавување на функцијата на Судот, вршителите на судиската функција во Врховниот суд на Република Македонија во текот на 2013 година не оствариja посета на пониските судови, но користејќи ги законските механизми утврдени согласно Законот за судови, Судскиот деловник и Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Македонија, ја оствари својата со закон и Устав утврдена надлежност за воедначување и единствена примена на законите од страна на судовите и разгледување на прашања во врска со работата на судовите, примена на законите и судската практика**.** Преку донесените начелни правни мислења на Општата седница, правни мислења и заклучоци на седниците на одделите на Судот и заклучоците на работните средби Судот даде одговор на клучни прашања во врска со работата на судовите, примената на Судскиот деловник и други прашања значајни за судството.

Покрај изнесените активности и резултати од работата на Општата седница и седницата на судии дадени погоре во текстот се истакнува активноста на претседателот на Судот во контекст на усогласувањето на работењето на судовите на Република Македонија по клучни прашања за неговото јакнење, прашања од значење за ефикасното процесуирање на судските предмети и заштита на правата на граѓаните. Во тој контекст одржана е работна средба на Претседателот на судот со претседателите на апелационите и основните судови на ден 28.10.2013 година, на која средба присутни беа и претставници од Миниистерството за правда на Република Македонија и Судскиот совет на Република Македонија. На средбата се донесоа клучни заклучоци за: спроведување на активности во секој суд во републиката кои би овозможиле натамошно непречено, усогласено и воедначено работење на судовите во периодот на отпочнување на примената на Законот за кривичната постапка а кои во голема мера се однесуваат на идната организациона поставеност на судовите и програмата за нивна работа; унапредување на решенијата од Правилникот за висината и начинот на определување на реално направените трошоци во кривичната постапка, непосредно пред отпочнување на примената на истиот и унификација на неговата примена; потреба од утврдување на нов систем на организација на судската полиција кој би соодветствувал на новите потреби наметнати со примената на Законот за кривичната постапка; усогласување на процедурите на работење на судовите во делот на тонското снимање; унапредување и ефикасно процесуирање на судските предметите преку усогласување на процедурите за примена и известување во врска со функционирањето на електронската достава; организацијата на изготвување на темелен, усогласен и детален Извештај по отворените прашања од Извештај за напредокот на Република Македонија од Европската унија.

Во постојано заседание во текот на годината функцонираше и Работното тело за стандардизација на постапките во судовите со кое претседаваше судија кој раководи со Одделот за судска пракса, а кое одговара пред Претседателот на Врховниот суд на Република Македонија. Работното тело кое е формирано за употребата и унапредувањето на автоматизираниот компјутерски систем за управување со судските предмети во судовите, во текот на извештајната година, на одржани **10 работни средби, постапило по 83 барања од судовите.**

Click Here & Upgrade
Expanded Features
Unlimited Pages
PDF Complete

## 8. ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ

Во текот на извештајната година редовно се постапуваше по барањата на странките по **Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер**. Како резултат на тоа, непречено се реализира имплементацијата на овој закон, што има битно влијание во креирањето на односот на Судот кон јавноста и обезбедувањето на транспарентноста на работењето на Судот и правилната примена на законските и подзаконските решенија од страна на Судот. Во текот на извештајната година Судот прими и постапи по 23 (дваесет и три) барања за пристап до информации од јавен карактер. За Судот како имател на информација постапуваше без одложување Службено лице определено за посредување на информации. Информациите се доставени во форма утврдена согласно Законот за слободен пристап до информации, на начин побаран од барателите на информацијата, најчесто, по обична пошта а не ретко, и без да е побарано некогаш, во интерес на брзо доставување на бараната информација, и по електронска пошта. Позитивно одговорено е по 13 (тринаесет) барања, 4 (четири) барања се одбиени, донесен е заклучок за запирање на постапката кај 3 (три) предмети и донесен е заклучок за прекин на постапката кај 3 (три) предмети.

Согласно член 10 од **Законот за управување со движењето на предметите во судовите** (Службен весник на РМ бр.171 од 30.12.2010 година) на web страната на Судот во текот на 2013 година објавени се 1.451 одлука од кои 839 одлуки донесени од советите на Одделот за граѓански дела, 612 одлуки на првостепениот и второстепениот совет при Одделот за судење во разумен рок.

Во судовите на РМ не постојат соодветни технички услови (соодветни комуникациски линкови, безбедносни услови, едуцирани IT лица итн.) за хостирање на официјалната WEB страна на судот во соодветниот суд. Од овие причини официјалните WEB страни на сите судови на Република Македонија се хостираат кај професионален сервисен провајдер кој секоја година се избира со спроведување на постапка на јавна набавка. WEB страните на судовите се изработени во стара технологија и платформа која не ги задоволува тековните потреби на судовите. Старата технологија: 1)не ги задоволува потребите за безбедност и доверливост; ја ограничува можноста за пребарување (при пребарување на судските одлуки доаѓа до голема искористеност на RAM меморијата на серверот што предизвикува целосно успорување на работата на серверот); објавувањето на судските одлуки е доста споро на моменти и неможно што предизвикува ризик од не запазување на законските рокови за објавување на судските одлуки; се истакнува фактот дека програмскиот код не е оптимизиран во делот кога се извршува барање (query) до базата на податоци; неповрзаноста помеѓу ACCMIS системот и WEB страните предизвикува дополнителен ангажман на судските службеници за мануелно анонимизирање и објавување на судските одлуки; слаба унифицираност, итн.

Во насока на надминување на наведените проблеми со WEB страните на судовите на РМ, Службата за информатика во Врховниот суд на РМ изготви техничка спецификација за модерен и единствен систем за WEB страните на сите судови. Истата е доставена до Министерство за правда – Сектор за Европска унија со цел нејзина реализација во рамките на ИПА2010 проектот.

Постапувајќи согласно одредбите од чл.88 ст.1 в.в. со чл.97 ст.2 в.в. со ст.1 од **Законот за судовите** в.в. со чл.7 од **Судскиот деловник**, Претседателот на

Click Here & Upgrade
Expanded Features
Unlimited Pages
PDF Complete Documents

Врховниот суд на Република Македонија обезбеди соодветната корелација меѓу судот и медиумите, давајќи информации за Судот и судството по прашања во врска со функционирањето на истите а се од интерес за пошироката јавност преку средствата за јавно информирање и web страната на Судот без притоа да не се наштети на независноста и самостојноста на Судот. На web страната на Судот во текот на извештајната година објавени се 19 соопштенија кои најчесто ја презентираат целта на работните средби со различни институции од државата и вон државата, како и претставници на меѓународниот фактор во државата, на Претседателот на Судот и резултатите од истите.

Со цел да биде почитуван **принципот на транспарентност во работата, јакнење на довербата во судството,** олеснување на пристапот кон правдата Претседателот на Врховниот суд на Република Македонија ги одобри сите, 325 (тристотини дваесет и пет), барања за визуелно (видео) и звучното (аудио) снимање, известување и фотографирање во кривичната постапка и јавното прикажување (репродуцирање) на снимката примени во Врховниот суд на Република Македонија. Се акцентира воспоставената пракса на брза електронска комуникација по овој повод што го утврдува принципот на висок степен на отвореност на судот кон медиумите.

Претседателот на Врховниот суд на Република Македонија оствари **едукативна средба со студентите** на Правниот факултет факултет „Јустинијан I“ Скопје каде го изложи својот реферат посветен на начинот на обезбедувањето и важноста на судската пракса во контекст на остварување на принципот на владеењe на правото и обезбедување на правната сигурност на граѓаните, а притоа елаборираше на тема “Тешки случаи”, “Правни празнини”, “Судиска дискреција”, “Судски активизам”.

Реализирана е посета на Основниот суд Скопје 1 Скопје од страна на Претседателот на Врховниот суд на Република Македонија согласно **член 24 од Судскиот деловник.**

Согласно одредбите на Законот за управување со движењето на предметите во судовите (Службен весник на РМ бр.171 од 30.12.2010 година), во Судот во текот на извештајната година продолжи со функционирање **Канцеларија за односи со јавноста** каде се примени 3 барања. Податоците укажуваат на тоа дека механизмот барање за пристап до информации од јавен карактер согласно Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер и директно обраќање во писарниците е користен повеќе од механизмот добивање на потребната информација преку Канцеларијата за односи со јавноста.

Click Here & Upgrade
Expanded Features
Unlimited Pages
PDF Complete Documents

## 9. ИНФОРМАТИЧКА ТЕХНОЛОГИЈА

Во Центарот за информатика на Врховниот суд на Република Македонија вработени се вкупно 4 (четири) IT инженери кои посветено работат на одржување на функционалноста на IT системите кои се поставени и наменети за сите судови на РМ како и оние кои се наменети само за Врховниот суд на РМ.

Во Врховниот суд на Република Македонија во функција се следниве кориснички програми со тенденција на нивно зголемување во наредниот период:

- Програм за управување со движењето на судските предмети (АКМИС).
- Програм за материјално и финансиско работење (АБМС).
- Програм за објавување на судската пракса на Врховниот суд на РМ и одлуки на апелационите судови на Web страна.
- Програм за објавување на судски одлуки, општи информации, новости, статистички податоци и сл. на Web страната на Врховниот суд на РМ.
- Програм за електронска достава на судски документи (прва фаза – достава од судот до корисниците).

Вработените во Центарот за информатика на Врховниот суд на РМ во текот на 2013 година ги реализираа следните активности:

- Изработени се **технички документации** за **реализација на постапки за јавни набавки** кои ги опфаќаат потребите на сите судови во РМ и Судски совет на РМ од областа на IT како што следи:
  - o Одржување и годишна софтвер претплата на Firewall Check Point архитектура во судовите на РМ и Судски совет на РМ.
  - o Одржување и годишна софтвер претплата на VMware инфраструктурата во судовите на РМ и Судски совет на РМ.
  - o Одржување и годишна софтвер претплата на централизираниот софтвер за заштита (backup) на базите на податоци во судовите на РМ и Судски совет на РМ.
  - o Две годишна обнова на Kaspersky Anti-virus лиценци за потребите на судовите на РМ и Судски совет на РМ.
  - o Систем за прецизна климатизација за Систем салата на Врховен суд на РМ.
  - o Потрошен материјал, тонери, траки, хартија, канцелариски материјали и сл за потребите на Врховен суд на РМ.

Континуирано **се следи напредокот** во согласност со зацртаните термински планови и **се дава техничка поддршка** во процесот на нивна реализација.

- Преземени се сите потребни активности во насока на **отпочнување со функционирање** на инсталираното софтверското решение "**Систем за електронска достава на судски документи**":
  - o Извршено е **тестирање на функционалноста** и континуирано следење и нотирање на недостатоци и забелешки со цел нивно отстранување.
  - o Во рамките на Работно тело за стандардизација на постапките во судовите **изработени се документи, формулари и упатства** наменети за корисниците на системот.
  - o **Дефинирани се технички потреби, организациски и функционални**

Click Here & Upgrade
Expanded Features
Unlimited Pages
PDF Complete

**активности** кои се доставени до Министерство за правда и Судски совет на РМ со цел обезбедување на услови за непречено функционирање на системот.

- o Континуирано се следи и **се изработуваат извештаи** за бројот на регистрирани корисници и реализирани електронски достави во судовите на РМ.
- o Континуирано **се дава техничка поддршка** на корисниците кои се обраќаат до Центарот за информатика и бараат помош.

- Во рамките на **МАТРА проектот реализирано е префрлање од стара на нова IT платформа** на системот за електронска пошта (e-mail) на Врховниот суд на РМ и доградениот **програм за објавување на судската пракса на Врховниот суд на РМ и одлуки на апелационите судови на Web страна**. Извршено е тестирање на функционалноста, едукација на судските службеници задолжени за објавување на одлуки од областа на судската пракса, техничка поддршка и сл.

- Реализирано е **префрлање на хостирањето на Web страните** на судовите на РМ и Судски совет на РМ заедно со нивните е-маил адреси од сервисниот провајдер Телеком на сервисниот провајдер Неотел без притоа да се предизвика застој во нивното функционирање.

- Направена е **анализа за капацитетот и перформансите** на тековната IT опрема, амортизација, покриеност со одржување, оптовареност на комуникациските линкови и сл. Изработена е **техничка документација за** потребата од високо достапен, лесно надградлив, стабилен и безбеден **систем за електронска достава на судски документи** и истата е доставена до Секторот за Европска унија со цел нејзина **реализација во рамките на ИПА 2010 проектот**.

- Направена е **анализа на функционалноста на Web страните** изработени во стара технологија и платформа која не ги задоволува тековните потреби на судовите: безбедност и доверливост, нема можност за пребарување, **многу бавно, а на моменти и неможно објавување на судски одлуки**, неповрзаност со АКМИС системот, **мануелно анонимизирање** итн. Изработена е **техничка документација за** потребата од **изработка на Web страни на судовите на РМ** следејќи ги моменталните технологии за Web презентација и колаборација која е доставена до Секторот за Европска унија со цел нејзина **реализација во рамките на ИПА 2010 проектот.**

- Направена е **анализа на функционалноста на казнената евиденција** која е во надлежност на Министерството за внатрешни работи и изработена е **техничка документација за** неопходните IT потреби со цел **преземање на казнената евиденција во надлежност на судовите на РМ** согласно законската регулатива, истата е доставена до Министерството за правда и **во тек е отворена постапка за нејзина реализација.**

- Во рамките на **планирање на буџет**, потенцирани се неопходните **потреби за инвестиции и одржување** на постоечките IT хардверски и софтверски

Click Here & Upgrade
Expanded Features
Unlimited Pages
PDF Complete

системи во судскиот систем на РМ, **потреби од нови вработувања** на стручен IT кадар и **непоходноста за континуирана едукација** на вработениот IT кадар во судовите. Плановите се доставени до Судски буџетски совет со цел одобрување на средства за нивна реализација во наредената година.

Во Центарот за информатика на Врховниот суд на РМ покрај претходно наведените, реализирани се и **тековни активности** како што следи:

- Центарлизирано (од Центарот за информатика) се **администрираат, менаџираат и мониторираат** IT системите кои се поставени во Врховниот суд на РМ а се наменети **за сите судови на РМ** како и оние кои се наменети само за Врховниот суд на РМ.

- Секојдневно **се спроведуваат** и контролираат **процедурите за заштита** на системски и кориснички податоци (backup).

- Секојдневно се **мониторираат системските логови за дојава на грешки на 30 сервери** сместени во систем салата на Врховен суд на РМ со цел отстранување на евентуално појавени проблеми и грешки.

- Континуирано се **следат перформансите** на поставените IT системи со цел согледување на потребата од нивна надградба.

- Континуирано **се следат новите трендови во областа на IT** (без соодветна едукација) користејќи литература достапна на Интернет.

- Континуирано **се следат корисничките апликации** во сите нивни фази на примена, се согледуваат евентуални **потреби од нивна надградба** и подобрувања, се доделуваат права и привилегии на вработените за користење на корисничките апликации согласно Распоредот за работа, се дава **помош и техничка поддршка** на корисниците.

- Се обработуваат податоци од АКМИС базата на податоци со цел **изработка на разни статистички извештаи** за потребите на судските служби и други институции.

- Се води **уредна документација за реализирани системски и кориснички активности**, настанати проблеми, нивно отстранување, се изработуваат месечни извештаи за реализирани работни задачи и сл.

Согласно на сите современи општествени трендови сама се наметнува **потребата од континуирано воведување на нови информатички технологии** и IT системи во судскиот систем на РМ за да може преку **осовременување, едукација, компатибилност и унификација** на информатичката технологија да се постигне крајната цел, остварување на **ефикасна поврзаност** на сите судови на територија на РМ и **размена на податоци** со други институции, а тоа по автоматизам значително ќе го **зголемува обемот на работа** на постоечките само **4 (четири) IT инженери** вработени во Центарот за информатика при ВСРМ.

Соодветно на тоа **евидентна и неопходна е потребата од постојано вработување** на стручни IT инженери во Центарот за информатика на кои ќе им биде овозможена **соодветна и континуирана едукација** имајќи во предвид дека информатичката технологија е најдинамичниот систем во секое современо општество.

Click Here & Upgrade
Expanded Features
Unlimited Pages
PDF Complete

## 10. ОПРЕМЕНОСТ И ОДРЖУВАЊЕ НА ЗГРАДА НА СУДОТ

Зградата на Врховниот суд на Република Македонија е во сопственост на Република Македонија а носител на корисничкото право е Министерството за правда, согласно член 91 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи.

Барање до Министерот за правда судската зграда Правосудни органи-висок дел на бул.Крсте Мисирков бб, да се даде на користење на Врховниот суд на Република Македонија, и да ја определи вредноста на зградата е доставено на неколку пати. Бидејќи, не е донесен акт за отстапување на правото на користење и не е воспоставена евиденција во деловните книги на Врховниот суд на Република Македонија 1) оневозможено е да се изврши осигурување на конкретниот имот и 2) не може да се добие одобрение за реновирање на фасадата на зградата која во моментот, како и години претходно, претставува потенцијална опасност како за вработените така и за граѓаните кои пристапуваат до објектот во кој се сместени два субјекти. Овие две прашања се најгорливите во делот на одржувањето на зградата.

Во делот на опремувањето се истакнува фактот дека зградата располага со опрема која не е обновена од вселувањето на Судот. Постои недостиг од финансиски средства за нејзино континуирано одржување и обнова.

За службени потреби Судот користи стари возила чие одржување на годишно ниво бара значајни средства, со кои Судот не располага. Од овие причини, се цени за неопходна потребата од нови службени возила.

Click Here & Upgrade
Expanded Features
Unlimited Pages
PDF Complete Documents

## 11. ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Направени трошоци на судот во споредба со планираниот буџет.** Со буџетот за 2013 година на Судот му се одобрени средства во износ од 67.451.308,илјади денари, кои претставуваат трансферирани средства од Буџетот на Република Македонија за: плати на вработените во судската администрација, набавката на стоки и услуги, разни трансфери, социјални бенефиции.

Согласно одредбите од Законот за буџетите и другите законски и подзаконски прописи од областа на платите (Закон за исплата на платите на судиите, Закон за судски службеници, Законот за работни односи, итн) од Буџетот на Република Македонија, во делот плати и надоместоци, одобрен е износ од 56.068.262,00 денари и тоа на следните ставки:

| **Опис** | **Одобрен буџет за 2013** | **Реализиран буџет во 2013** |
|---|---|---|
| Основни плати | 40.886.029,00 | 40.886.029,00 |
| Придонеси од плати и персонален данок | 15.121.379,00 | 15.121.379,00 |
| Надоместоци | 60.854,00 | 60.854,00 |

Табела 2

За категоријата стоки и други услуги со Буџетот на Република Македонија за 2013 година одобрени се 11.425.495,00 денари а за таа немена направени се трошоци во износ 16.249.312,00 денари или за 42,22 %.повеке во споредба на планираниот буџет. Обезбедените средства за категорија стоки и услуги се однесуваат за:

| **Опис** | **Планиран буџет 2013** | **Расходи** | | **План за отплата на долгот** |
|---|---|---|---|---|
| | | **Вкупно трошок 2013** | **Обврски на ден 31.12. 2013** | |
| Патни и дневни трошоци | 167.700,00 | 167.700,00 | 0 | јули 2014 |
| Комунални услуги | 8.191.600,00 | 12.914.906,00 | 4.723.306,00 | март 2014 |
| Материјали и ситен инвентар | 505.000,00 | 518.668,00 | 13.668,00 | март 2014 |
| Поправки и тековно одржување | 1.950.000,00 | 1.985.174,00 | 35.174,00 | март 2014 |
| Договорни услуги | 200.000,00 | 178.674,00 | 9.212,00 | март 2014 |
| Други тековни расходи | 200.000,00 | 230,843,00 | 30,843,00 | март 2014 |
| Разни трансфери | 211.195,00 | 253.347,00 | 42.152,00 | март 2014 |
| Вкупно | 11.425.495,00 | 16.249.312,00 | 4.854.355,00 | март 2014 |

Табела 3

На почетокот на 2013 година Врховниот суд на Република Македонија брои неизмирени обврски во висина од 5.427.474,00 денари (без плати и надоместоци од плата). Во однос на планираниот буџет за 2013 година од 18.024.800,00 денари, одобрени со буџетот на Република Македонија за 2013 година се 11.425.495,00

Click Here & Upgrade
Expanded Features
Unlimited Pages
PDF Complete

денари (без плати и надоместоци од плата) или помалку 6.599.305,00 денари, заради што на крајот од 2013 година повторно остануваат неизмирени обврски во висина од 4.854.355,00 денари што е помалку во однос на 2012 година и е резултат на доброто менаџирање и штедење од страна на вработените во судот.

**Споредба на остварена цена на чинење на судски предмет во споредба на планираниот буџет за 2013 година.** Согласно истакнатото во Табела 4 утврдена е дискрепанца од 4.096.095,00 денари меѓу планираниот буџет утврден според цена на чинење на судски предмет и одобрениот по Буџет на Република Македонија за 2013 година за Судот.

| **Опис** | **Одобрен буџет** | **Планиран буџет според цена на чинење на судски предмет** |
|---|---|---|
| Патни и дневни трошоци | 167.700 | 0 |
| Комунални услуги | 8.191.600 | 6,503.000 |
| Материјали и ситен инвентар | 505.000 | 423.200 |
| Поправки и тековно одржување | 1.950.000 | 235.200 |
| Договорни услуги | 200.000 | 168000 |
| Други тековни расходи | 200.000 | 0 |
| Разни трансфери | 211.195 | 0 |
| Вкупно | 11,425.495 | 7.329.400 |

Табела 4

**Финансиска анализа за направените трошоци, задолженост на судот, реализација на план за отплата на долговите**. Се истакнува дека вкупниот долг на судот кон доверителите на ден 31.12.2013 година е во износ од 4,854,355 денари од кои 97,3% се однесуваат на комунални услуги. Долговите направени во текот на 2013 година ќе бидат отплатени со планираниот буџетот за 2014 година (Табела 3).

Click Here & Upgrade
Expanded Features
Unlimited Pages
PDF Complete

## 12. ПОСЕТИ И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

На покана на Претседателот на Европскиот суд за човекови права Претседателот на Врховниот суд на Република Македонија во периодот од 24-27 Јануари 2013 година присуствуваше на традиционалната свеченост по повод годишната работа на Европскиот суд за човекови права и семинарот организиран по тој повод на тема "Имплементација на Европската конвенција за човекови права во време на економска криза".

Претседателот на Врховниот суд на Република Македонија, во периодот од 8-6 март 2013 година, присуствуваше на меѓународната конференција – "заштита на сведоци во борбата против организираниот криминал и тероризам" (WINPRO II) во Белфаст, Северна Ирска.

Во рамките на Проектот за партнерство помеѓу судиите на САД и Република Македонија, во организација на Проектот OPDAT при Амбасадата на САД во Република Македонија, Претседателот на Врховниот суд на Република Македонија престојуваше во работна посета на САД во периодот од 30.09-10.10.2013 година. За време на работната посета, Претседателот на Врховниот суд на Република Македонија се запозна со надлежноста, организацијата и работењето на врховните судови во Калифорнија, Колорадо, апелациите, федералните и основните дистриктни судови, како и со практичните искуства за улогата на судијата во акузаторната постапка во врска со процесот на имплементација на новиот Закон за кривична постапка во Република Македонија. За време на престојот во САД, Претседателот на Врховниот суд на Република Македонија оствари тематска средба со Амбасадорот Кристофер Хил.

На покана на Претседателот на Врховниот суд на Република Турција, делегација на Врховниот суд на Република Македонија, предводена од Претседателот на судот, во периодот од 4-8 Ноември, престојуваше во официјална посета на Врховниот суд на Република Турција. За време на посетата се остварија средби со Претседателот на Врховниот суд на Република Турција, со Државниот јавен обвинител на Врховниот суд на Република Турција, со Претседателот на Државниот совет за судии и јавни обвинители, Претседателот на Врховниот административен суд, Министерот за правда и Директорот на Академијата за судии и јавни обвинители на Република Турција. За време на посетите се разменија мислења, искуства и информации за подобро запознавање со судските системи, за положбата, функционирањето и улогата на судската власт, а посебно за положбата и работата на Врховните судови.

Во текот на годината, Врховниот суд на Република Македонија го посетија делегации и претставници на повеќе меѓународни организации и институции:

- Амбасадорот на Мисијата ОБСЕ во Република Македонија оствари посета во Врховниот суд на Република Македонија посветена на меѓународната соработка и активностите и поддршката на Мисијата на ОБСЕ низ повеќе проекти за развој на судството во Република Македонија.
- Амбасадорот на САД во протоколарна средба со посебен осврт за напредокот на реформите во јакнење на независноста и ефикасноста на судскиот систем. На

Click Here & Upgrade
Expanded Features
Unlimited Pages
PDF Complete Documents

средбата се дискутираше и околу помошта што Амбасадата на САД ја дава на судовите во Република Македонија преку Програмата на USAID и Програмата на OPDAT, се разменија мислења околу придвижувањето на Република Македонија кон ЕУ и НАТО интеграциите, слободата на медиумите, како и за улогата која ја има Врховниот суд на Република Македонија во владеењето на правото.

- Амбасадорот на Делегација на Европската комисија на ЕУ во Република Македонија. Средбата беше посветена на размена на мислења и дискусии по однос на напредокот на Република Македонија во процесот на пристапување кон ЕУ за финализирање на Извештајот за Република Македонија, за довербата на граѓаните во судовите, како и за целосната посветеност кон реформата на судскиот систем на Република Македонија.
- Посета на група судии од САД во рамките на Програмата за партнерство помеѓу судиите на САД и Република Македонија: За улогата на судијата во акузаторната постапка. За време на посетата се разменија мислења за концептот на новата кривична постапка, за темелното менување на кривичната постапка во акузаторна и воведувањето на новите правни инструменти со посебен акцент на потребата од теоретска и практична обука на судиите и сите други учесници во постапката. Притоа, за време на средбата се оценија за позитивни пренесените искуства и предавањата на гостите судии од САД во запознавањето на македонските судии со практичните искуства за улогата на судијата во акузаторната постапка.
- Работен состанок на високо ниво со преговарачката структура на Република Хрватска во рамките на соработката на развојната програма на ОН во Република Македонија и Секретаријатот за европски прашања. На работниот состанок се разговараше за процесот на реализација на приоритетите од областа на реформата на правосудството, при што се истакна важноста на споделување на хрватското искуство во процесот на преговорите со ЕУ, кое е од големо значење за придвижување на Република Македонија кон ЕУ.
- Делегација предводена од Програмскиот координатор на Турската агенција на Владата на Република Турција за соработка и координација. Средбата претставуваше иницијатива за воспоставување на меѓусебна соработка и договарање на идни заеднички проекти за техничка помош кон судството на Република Македонија.
- Во рамките на воспоставена соработка со Државната правосудна академија (ЕНМ) од Бордо, Република Франција и Меморандумот за соработка потпишан помеѓу Академијата за судии и обвинители и Амбасадорот на Република Франција, тројца кандидати од почетна обука од Државната правосудна академија на Република Франција предводени од ментор, оствconfigurationија посета на Врховниот суд на Република Македонија.
- Делегација на Португалскиот национален Институт за форензичка медицина и форензичка наука во рамките на Проектот TAIEX. На средбата се дискутираше за потребата од вградувањето и постигнувањето на стандарди на полето на форензичката медицина, како и за документите и стандардите за унификација на протоколите за земјите членки на ЕУ во делот на форензиката.
- Делегација на ЕК на Европската унија во Република Македонија предводена од Амбасадорот на делегацијата, официјално го претстави Извештајот за напредокот на Република Македонија кон ЕУ за 2013. Средбата беше посветена на разгледување на стратегијата и идните главни предизвици, со цел започнување на пристапните приговори за членство на Република Македонија во ЕУ.

Click Here & Upgrade
Expanded Features
Unlimited Pages
PDF Complete Documents

## 13. ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ

**1. Врховниот суд на Република Македонија извештајната година ја заврши како ефикасен суд со оглед на тоа што на крајот на извештајната година останале 1.731 предмет кои можат да се решат во рок од 5 месеци.**

Во **2013** година во Врховниот суд на Република Македонија биле вкупно во работа **5.245**, од кои новопримени **3.049** предмети и **2.209** предмети останати нерешени од претходните години.

Во текот на годината, решени се **3.514** предмети, при што **совладан е приливот** на новопримени предмети за вкупно **465** предмети.

Во Судот во извештајната **2013** година **останале нерешени 1.731 предмет што е за 478 предмети помалку од претходната** година.

Горенаведените податоци се однесуваат на предмети опфатени со ориентациона норма. (Прилог: Табела 1)

**2. Работа по оддели за предмети опфатени со ориентациона норма:**

**2.1.Одделот за казниви дела** во извештајната **2013** година имал во работа вкупно **861** предмет. Во текот на годината решени се **740** предмети, а останале нерешени **121** предмет.

**Одделот за казниви дела** не го совлада приливот за само 7 предмети. Најчести причини за тоа се: некои од останатите предмети се примени во Судот на крајот од годината; за голем број од предметите потребно било повеќе време за проучување, а кај дел од предметите постапката подолго трае поради некомплетност на списите, па предметите било потребно да се вратат заради административно уредување од судовите или на мислење од Јавното обвинителство.

**2.2 Одделот за граѓански дела** во извештајната **2013** година имал во работа вкупно **3.449** предмети. Во текот на годината решени се **1.978** предмети, а останале нерешени **1471** предмет.

Во Одделот за граѓански дела **совладан е приливот за вкупно 384 предмети**.
Во **2013** година, Одделот, при зголемен **прилив од 260 новопримени предмети** со тоа што **го зголемил бројот на решени предмети за 491 предмет** во однос на претходната година, **го намали и бројот на нерешени предмети за 394 предмети** во однос на 2012 година.

**2.3 Одделот за судење во разумен рок** во текот на извештајната 2013 година постапувал по **918** предмети од кои во текот на годината новопримени се **694** предмети и **225** предмети биле останати нерешени од претходната година.

Click Here & Upgrade
Expanded Features
Unlimited Pages
PDF Complete

Во овој оддел решени се **779** предмети, што значи дека е **совладан приливот за вкупно 85 предмети**, а споредено со 2012 година, **бројот на нерешените предмети на крајот на 2013 година е намален за 78 предмети**.

**Првостепениот совет** од вкупно **653** предмети во работа во текот на годината, решил **523** предмети, а останале нерешени **130** предмети. **Совладан е приливот за 75 предмети**, а споредено со 2012 година, **бројот на нерешените предмети на крајот на 2013 година е намален за 68 предмети**.

**Второстепениот совет** кој е надлежен да одлучува по жалбите изјавени против решенијата на првостепениот совет, во текот на годината имал вкупно во работа **265** предмети, од кои решени се **256**, а останале нерешени **9** предмети. **Совладан е приливот за 10 предмети**, а споредено со 2012 година, **бројот на нерешените предмети на крајот на 2013 година е намален за 10 предмети**.

**2.4** Според надлежноста на Врховниот суд на Република Македонија во управната материја, во **2013 година постапувал еден специјализиран совет** кој одлучувал по жалба по барања за заштита на основните права и слободи загарантирани со Уставот. Советот имал вкупно во работа по сите основи **15** предмети, од кои новопримени се **14** предмети, а еден предмет останал нерешен од 2012 година. Во текот на 2013 година решени се сите **15** предмети.

**3**. Во Врховниот суд на Република Македонија во текот на **2013** година се примени **751 предмет од судска управа** и по сите е постапено во текот на извештајната година во законските рокови.

**4.** Постигнатиот резултат во предметното работење се должи на вонредниот ангажман на судиите и стручните судски службеници, кои беа ангажирани во повеќе совети и во по два оддели, согласно Распоредот за работа и организационите мерки преземени од Претседателот на Судот заради придвижување на предметите и избегнување на застој согласно Законот за управување со движење на предметите во судовите.

**5.** Значителни резултати се постигнати и во однос на остварувањето на со закон и Устав утврдената надлежност на Врховниот суд на Република Македонија за воедначување на судската пракса, преку усвоените и објавени начелни правни мислења на Општата седница на Судот, правните мислења и заклучоци донесени од судските оддели, како и на бројните сентенци за воедначување на судската пракса.

**6.** Со оглед дека и понатаму во извештајната година продолжи праксата за непополнување на упразнетите места на административните судски службеници, најмногу по основ на пензионионирање, како и претходните години, во текот на наредниот период се цени за неопходна потребата за пополнување на овие места и одобрување на неопходните работни места предвидени со Актот за систематизација на Врховниот суд на Република Македонија.

**7.** Судот, и покрај работењето со максимално штедење во 2013 година, се соочуваше, во континуитет, со недостиг на финансиски средства, што резултираше со неизмирени обврски на крајот на годината. Со оглед дека овие неизмирени

Click Here & Upgrade
Expanded Features
Unlimited Pages
PDF Complete Documents

обврски ќе паднат на товар на буџетот за 2014 година, треба да се превземат мерки за обезбедување на соодветен буџет за функционирање на Судот согласно неговата уставна позиција и законски надлежности.

**8.** Согласно законската организациона поставеност на Центарот за информатичка технологија во Врховниот суд на Република Македонија со база на податоци за целото судство, обемот и сложеноста на работа во одржувањето на Програмите кои се во функција во Врховниот суд на Република Македонија, а чии корисници се сите судови, и новите законски решенија кои треба да се имплементираат и во информатичката технологија ја наметнаа потребата од соодветна опременост на Центарот и зголемување на бројот на вработени во истиот.

**ВРХОВЕН СУД
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТА СЕДНИЦА**